ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-1502/2
17.03.2025 година

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-1502/1 од 03.03.2025 година, поднесено од барателот [redacted], го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

I. Барањето со бр.26-1502/2 од 03.03.2025 година, поднесено од барателот [redacted] со кое се бара информации од јавен карактер:

- „да и се достави целокупната документација на увид заради објективно изготвување на вешт наод и мислење а се однесува на изградба,/реконструкција и одржување на улицата Ката Капчева во Велес, во електронска форма на меил, **СЕ УСВОЈУВА.**

II. Имателот на информации од јавен карактер Општина Велес го известува барателот дека Општина Велес во својата евиденција не располага со проектна документација за изградба или реконструкција на улица Ката Капчева во Велес поради што не може да овозможи увид согласно барањето.

## Образложение

Барателот [redacted]пштина Велес поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-1502/2 од 03.03.2025 година, со кое побара да и се достави целокупната документација на увид заради објективно изготвување на вешт наод и мислење а се однесува на изградба,/реконструкција и одржување на улицата Ката Капчева во Велес, во електронска форма на меил.

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапија по горенаведеното барање за добивање на информација од јавен карактер, во законски определениот рок согласно член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19), констатираа дека барањето се однесува на информации од јавен карактер, па одлучија како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес службени лица за посредување
со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Маџарова

Доставено до
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*